**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- Прв пат асфалт на локалниот пат Делчево-Работивиште
- Се гради нова водоводна линија во населба „Пролет“
- Незапамтено невреме во Делчево. Вонредна Седница на Советот и координативен состанок на ОКШ
- Словенечки пожарникари во посета на Делчево


# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 26 ЈУНИ 2022


## Прв пат асфалт на локалниот пат Делчево—Работивиште



### Се гради нова водоводна линија во населба „Пролет“



### Словенечки пожарникари во посета на Делчево



### Незапамтено невреме во Делчево. Вонредна Седница на Советот и координативен состанок на Општинскиот кризен штаб




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Десетта редовна седница на Советот на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа 10-та редовна Седница на која се расправаше по една точка од предложениот Дневен ред за Седницата: избор на командир на Полициската станица од општа надлежност Делчево.

На листата на кандидати предложени од министерот за внатрешни работи беа: Аце Атанасов, со високо образование и со работно искуство во полицијата од 17 години, Александар Мицевски со високо образование и со работно искуство во полицијата од 16 години и Лилјана Даневска-Богдановска со високо образование и со работно искуство во полицијата од 30 години. По кратката расправа на која се разгледуваше и можноста за тајно гласање, советниците од Советот на Општина Делчево од понудените тројца кандидати не избра командир на ПС од општа надлежност.

Согласно со законските процедури, претседателот на Советот, Гоце Попов, испрати известување до МВР во кое е нагласено дека ниту еден кандидат од предложената Листа не го доби потребното мнозинство гласови.

Законските процедури предвидуваат, министерот повторно да предложи и до Советот да достави нова листа со тројца кандидати за командир на ПС, а ако повторно не се избере командир на ПС, тогаш министерот во консултација со Владата ќе го избере командирот на ПС од двете листи на кандидати, како и од листата на дополнителни тројца предложени од Советот на Општината.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Вонредна седница на Советот на Општина Делчево



Поради силното невреме проследено со силен ветер, врнежи од дожд и град што го зафати Делчево и предизвика значителни штети по имотот на граѓаните, Советот на Општина Делчево одржа Вонредна седница со единствена точка на Дневниот ред: Заклучок за првично санирање на штетата и процена на настаната штета во Општина Делчево.

На Седницата на која претставници од надлежните институции во Општина Делчево ги изнесоа информациите од направениот увид и состојбата на терен, советниците едногласно го донесоа Заклучокот со кој заради првично санирање на штетата и отстранување на последиците од природната непогода, Советот на Општина Делчево го задолжува ЈКП „Брегалница", ТППЕ и другите установи и служби од локален карактер да се вклучат во санирање на последиците.

За утврдување на штетата која е настаната како резултат од непогодата (пороендожд и град), Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди и други несреќи на Општина Делчево,во законски рок да направи увид и да ја утврди штетата во согласност со прописите за заштита и спасување и Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и другинепогоди, а по направениот увид да изготви Извештај кој треба да се достави до Владата на РСМ – Комисија за проценка и утврдување на висина на надомест од елементарни непогоди.

Со цел да се помогне на најзагрозените семејства кои претрпеле материјална штета предизвикана од невремето, вработените членови на Советот на Општина Делчево, на наредна седница на Советот, ќе донесат Одлука за донирање на средствата од нивниот надоместок за присуство на 1 седница. Невработените членови на Советот, доколку сакаат да го донираат нивниот надомест, ќе потпишаат Изјава. Претседателот на Советот и 4 членови на Советот (2 од позиција и 2 од опозиција) да имаат увид при распределбата на средствата. Општина Делчево ќе има обврска да изготви и достави извештај за насочените средствата кон граганите и истиот ке го достави до Советот.

Доколку има услови да се обезбеди можност за обука на ТППЕ и вработените во ЈКП „Брегалница" при справување со несреќи, каде постои ризик од електричен напон.

Општинската администрација/Секторот за финансиски прашања да ги разгледа можностите за отварање донаторска сметка на која сите заинтересирани правни и физички лица би донирале средства за справување со штетите предизвикани од невремето. Претседателот на Советот и 4 членови на Советот (2 од позиција и 2 од опозиција) да имаат увид при распределбата на средствата. Општина Делчево ќе има обврска да изготви и достави извештај за насочените средствата кон граѓаните и да се достави до Советот.

Совет на Општина Делчево

# Прв пат асфалт на стариот локален пат Делчево-Работивиште

Актуелности



За прв пат локалниот пат Делчево-Работивиштедобива асфалт. Деновиве интензивно се работи на асфалтирање на локалниот пат во должина од 5,3 км. Патот е со ширина на коловозот од 4 м, а поставени се и банкини и соодветна одводна инсталација. Со реализацијата на овој проект се одговара на барањата и приоритетите на жителите од Разловци, Работивиште и Делчево, нагласија денеска министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски при увидот на завршните работи на локалниот пат.

Градоначалникот Трајковски изрази благодарност до МТВ и министерот Бочварски за контиуираната поддршка за реализација на инфраструктурни проекти во Делчево.

-Со задоволство можам да истакнам дека жителите на Работивиште и Разловци, покрај регионалниот пат, досегашната единствена сообраќајна врска за овие села, добиваат уште една патна алтернатива која значи поблиску до Делчево и поблиску до земјоделското земјиште. Овој проект, покрај општествената одговорност, има за цел подобрување на пристапот на граѓаните до услугите и објектите од јавен интерес, како и зголемување на мобилноста и безбедноста во сообраќајот, нагласи Трајковски.

Изградбата на овој локален пат е во рамките на „Проектот за поврзување локални патишта во РСМ", кој Министерството за транспорт и врски го реализира со финансиска поддршка на Светска банка. Во рамките на овој проект кој за Делчево донесе реализација на инфраструктурни проекти во висина од околу 800.000 евра, досега се изградени и реконструирани 6, 1 км локални улици и патишта, а во моментов се работи на реконструкција на дел од ул „Острец" во должина од околу 50 м. каде се гради потпорен ѕид и тротоари и се проширува црната точка на главната сообраќајница во населбата Трети Реон.

Министерот Благој Бочварски истакна дека МТВ во континуитет продолжува со реализација на програмата за изградба на модерна патна инфраструктура, насекаде низ државава, а Проектот за рехабилитација на локални улици и патишта се реализира со силно темпо.

-Навистина, ме радува кога градоначалниците сериозно и посветено си ја вршат својата работа и ги користат сите услови да обезбедат нови инвестиции, да направат проект повеќе за својата општина и да им го подобрат животот на граѓаните. МТВ ппродолжува со поддршката за сите општини. И ги повикувам општините да изработуваат и доставуваат добри и квалитетни проекти со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и развој на локалните самоуправи., рече Бочварски.

Тој најави дека се започнати процедурите за избор на компании за реконструкција на водоводната мрежа во Делчево во населбите: дел Милково Брдо, дел Ново Делчево, потисен цевковод до резервоарот Чука. Вредност на проектот е 23 милиони денари. Работите се очекува да започнат во средината на месец јули оваа година.

# Се евидентираат штетите од невремето во Делчево

Актуелности



Во Општина Делчево во тек е проијавување штети од невремето проследено со силен ветар, дожд и град. Заклучно со 30.06.2022 до Општинската комисија за проценка на штети од елементарни непогоди граѓаните доставиле 220 пријави за штети. Пријавувањето на штетите предизвикани од невремето ќе трае до 10 јули, а претставници од Комисијата веќе оди на терен за проценка на досега пријавените штети.
Согласно со првично пријавените штети и информацијата од ЦУК-Делчево, евидентирани се штети на кровот на ООУ „Ванчо Прке“, дел од кровот на детската градинка ЈУДГ „Весели Цветови“, дел од кровот на Домот на културата, каде е сместена Општина Делчево и други институции и приватни субјекти. Најголемо оштетување има на трите згради на улица „Н.Ј.Вапцаров“, каде на две згради крововите се целосно оштетени, а од паѓање на кровната конструкција голема штета е нанесена на околни четири семејни куќи и возила кои биле паркирани во околината. Поради рушење на кровна конструкција на објекти, како и бандера за улично осветлување во прекин беше и сообраќајот на ул.„М.М Брицо“. Оштетени се кровови на голем број на семејни куќи и објекти во целото подрачје на градот Делчево. Оштетени се и возила од паднати делови од покриви и дрвја.
Поради паднати дрвја на улиците: „Булевар Македонија“, „Маршал Тито“, „М.М Брицо“, „Кеј на Брегалница“, „Браќа Миладинови“, „Трст“, „Острец“ и др. сообраќајот беше во прекин или се одвиваше отежнато. Поради поплавување и поголеми наноси на земја од обилниот дожд сообраќајот на улиците во понискиот дел од градот се одвиваше отежнато.
Паднати се 9 дрвени и 1 бетонски столб за снабдување со електрична енергија при што поголем дел од градот беше без снабдување со ел. енергија. Исто така поради паднати дрвја оштетени беа и кабли за снабдување со електрична енергија.
Екипи од ТППЕ Делчево и ЈКП „Брегалница“ со возила и механизација на терен работеа на расчистување на паднати дрвја и на наноси од земја на улиците. Исто така, поради поплавување на голем број подрумски простории се работеше и на исцрпување на водата со пумпи.
Поради одрони на патните правци Делчево - М.Каменица и Делчево - Пехчево сообраќајот се одвиваше отежнато но, не беше во прекин. Екипи на Македонија пат работеа на нивно отстранување.
Од удар на гром во село Бигла се усмртени 15 грла овци, 8 јагниња и 4 грла кози.
Во отстранувањето на штетите направени од невремето учествуваа припадници на ТППЕ – Делчево, вработени од со механизација од ЈКП – Брегалница, екипи на ЕВН – Подружница Делчево и месното население од градот Делчево.

Актуелности

# Се гради нова водоводна линија во населбата „Пролет“



Екипи на ЈКП „Брегалница“ работат на изградба на нова водоводна линија во населбата „Пролет“. Согласно со Програмата за работа на Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“ , а со цел довршување на водоснадбителниот систем во новата населба „Пролет“ во градот Делчево, се гради водоводна инсталација во должина од над 300 метри, а се поставуваат полиетлинески црева со профил од фи 110 и од фи 63.

Досега е изградена водоводната линија на крак 7 во должина од 160 метри со профил од фи 110, на крак 22 во должина од 70 метри и поставено полиетиленско црево од фи 63, а се прават подготовки за изградба на водоводната инсталација на крак 4 во должина од 80 метри, каде ќе се постави полиетиленско црево од фи 110. Екипи на ЈКП „Брегалница“ во моментов работат и на приклучување на новоизградените објекти на водоводниот систем.

Со оваа интервенција, сите новоизградени објекти во населбата ќе бидат опфатени во водоводниот систем.



# Продолжува санацијата на Спомен-домот Разловечко востание

Актуелности



Во рамките на Годишната програма на Министерството за култура на РСМ во областа на инвестициското одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема се одвоени 721.864 ден за продолжување на втората фаза од санацијата на Спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци. Втората фаза опфаќа замена на дрвената столарија со трајни материјали и термопан стакло со што значително ќе се подобри безбедноста на објектот, но и неговиот изглед.

Како што информира директорот на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, Методи Толевски, Договорот со Министерството за култура е потпишан, а наскоро треба да се распише тендерот за избор на најповолен економски оператор.

Санацијата на Спомен-домот посветен на Разловечкото востание започна минатата година со времена санација на кровната конструкција која го решава проблемот и се обезбедува времена заштита на објектот од надворешни влијанија.

Спомен-домот посветен на Разловечкото востание долги години беше оставен без кров, само со црна хартија, а состојбата со објектот беше катастрофална. Спомен- домот „Разловечко востание“ е уникатно архитектонско дело на архитектот, проф.д-р Ѓорѓи Константиновски, кој во 1980 ја освои и првата награда за архитектонско решение на весникот „Борба“ на ниво на СФРЈ и на уникатен начин го чува споменот на првото вооружено востание на македонскиот народ за ослободување од Отоманската Империја.

Во следната фаза за санација на Домот е планирана санација на внатрешните ѕидови на спомен-домот и административната зграда, како и уредување на влезот и скалите кон Домот.

Актуелности

# Проект на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите




Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите ги претстави успешните меѓународни и домашни практики за ефективно собирање на општинските приходи од сопствени извори. Дополнително, беа презентирани предизвиците и препораките за подобрување на општинските приходи од сопствени извори и потребата од подобрување на законската рамка за ова прашање. На настанот учествуваа градоначалници и претставници од општинските даночни одделенија од партнер-општините и претставници од институциите на централната власт и собраниската Комисија за локална самоуправа.

Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурситее петгодишен проект (2021-2026) кој им помагана владините институции во Северна Македонија да ги обезбедат и самостојно да управуваат со ресурсите потребни за финансирање на услугите што ги бараат нејзините граѓани. За да ја постигне оваа цел, Проектот тесно соработува со Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа и е во координација со другите донатори и ЗЕЛС.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Програмата Ромактед 2 претставена во Делчево



Во Делчево се одржа работна средба помеѓу преставници на Институционалната работна група,Општинската работна група и Локалната акциска група во рамки на Програмата РОМАКТЕД II „Промовирање добро управување и зајканување на Ромите на локално ниво“ финансиски поддржан од Советот на Европа и Европската Унија чиј потписник преку Меморандум за разбирање е и Општина Делчево.
Целта на работната средба беше разгледување на нацрт- верзијата на Заедничкиот план и Ковид 19 акцискиот план.
Во рамките на Програмата која ќе се спроведува на територијата на Општина Делчево до крајот на 2024 година ќе бидат финансиски поддржани четири гранта со вкупна вреднот од околу 19.000 евра и тоа: реконструкција на три училници во ПУ „Св.Климент Охридски“ во с.Тработивиште во висина од 10.000 евра;докомплетирање формално средно образование кај три лица возрасни Роми и нивно вработување во локални фирми; спроведување туторска настава по македонски јазик и математика за најслабите 30 ученици Роми кои се вклучени во 2,3,4 одделение во основното образование, а кои покажуваат низок образовен успех како последица на КОВИД 19; изготвување стратегија и акциски план за Општина Делчево за раководење со ризци и природни непогоди со цел овозможување стратешки сиситем за менаџирање на евентуални и слични ситуации како КОВОД 19 и ублажување на последиците кон загрозените групи на граѓани како што се и Ромите.
Во рамките на спроведувањето на Програмата во наредниот период ќе се изработат и клучни документи кои се однесуваат за ромската етничка заедница согласно со Националата Стратегија за инклузија на Ромите во РСМ 2022-2030 година, локални акциски планови во областите на домување,вработување,образование,здравство и антидискриминација кои, како и претходните години се усвојуваат од страна на Советот на Општина Делчево.

# Почнуваат активностите ОКР 2022

Актуелности



Ангажираните 28 лица преку програмата Општинско-корисна работа 2022, ги потпишаа договорите, а веќе од утре, 1 јули, започнуваат со активности во рамките на Програмата која е дел од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2022 година. Лицата се ангажирани преку проектот „Социјални улуги за сите“ – финансиран од страна на УНДП и проектот „Грижа за стари лица“ со средства обезбедени од СДЦ.
Од сите ангажирани лица, 4 ќе даваат услуги во детската градинка, 6 во Дневниот центар за лица со посебни потреби, 2 во народната кујна, 8 ќе вршат достава на основни намирници кај стари и изнемоштени лица и лица со попреченост и 8 основна нега на стари и изнемоштени лица, услуги кои ќе бидат во рамките на сите 6 активности и во двата проекта. Ќе бидат опфатени што повеќе различни групи на крајни корисници, од деца од претшколска возраст, лица со попреченост, до стари и изнемоштени лица кои ќе добиваат услуги од социјалната сфера.
Договорот со ангажираните лица е во траење од 9/3 месеци, со задолжителна обука од три месеци за лицата кои не поседуваат сертификат. За извршените услуги ќе им биде исплатен паричен надоместок во бруто- висина од 9.000 денари месечно, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.
Вкупниот буџет за проектот „Социјални услуги за сите“ изнесува 1.620.000,00 ден. од кои средства за плати обезбедени од УНДП во износ од 1.166.400,00 ден. и средства за данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест обезбедени од Општина Делчево и целосно финансирање за две ангажирани лица во износ од 453.600,00 ден. Бројот на директни крајни корисници кај овој проект е 431 лице (стари лица и лица со пореченост, деца од претшколско образование, корисници на народна кујна).
Кај проектот „Грижа за стари лица и лица со попреченост“ вкупниот буџет изнесува 216.000,00 ден.- средства обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка, со 36 крајни корисници (стари лица и лица со попреченост) и 7 ангажирани лица.
Активностите ќе се спроведуваат од 1 Јули 2022 до 31 Март 2023 година, на територијата на Општина Делчево, како и во парнерските институции ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево и Дневен центар за лица со посебни потреби.
Општинско корисна работа претставува активност која на долгорочно невработените лица им нуди можност за социјална вклученост преку работно ангажирање со скратено работно време- 20 работни часови неделно, со цел стекнување одредени вештини и постепено вклучување на пазарот на трудот.

Актуелности

# Стипендии за првенците на генерација во делчевските училишта



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, ги додели решенијата за општински стипендии на првенците на генерацијата 2021/2022 година од трите образовни институции во Делчево. Со општинска стипендија се стекнаа учениците: Матеја Златкова од СОУ „МетодиМитевски Брицо“, од ООУ„ Ванчо Прке“, Вања Ѓеорѓиевска и од ООУ„Св.Климент Охридски“ Марија Салтировска.

Првенците на генерацијата од основните училишта ќе добиваатпо 2.000 денари, а првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“ по 3.000 денари за период од 9 месеци за учебната 2022/2023 година.

Инаку, Општина Делчево во континуитет доделува стипендии на талентирани ученици со цел да го награди нивниот успех, но и да ги мотивира учениците да постигнуваат подобри успеси на полето на образованието и знаењето.

За учебната 2021/2022 г., Општина Делчево додели и 19 стипендии на одлични ученици и студенти, од кои 18 стипендии се за средношколци кои аплицирале на Конкурсот во две категории, а една е студентска стипендија. Исто така, се доделува и наградно патување на 10-те најдобри матуранти од СОУ „М.М.Брицо“., а се доделува и еднократен надоместок во висина од 3.000 ден на сите првачиња кои се запишани во делчевските основни училишта. Исто така, по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април, се доделуваат три парични награди на одлични ученици од ромска националност. Минатата година по овие основи од Буџетот на Општина Делчево се исплатени над 900 илјади денари.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Словенечки пожарникари во посета на Делчево

Актуелности



Во возвратна посета на Делчево и ТППЕ од Делчево престојуваа градоначалникот на Општина Чрномељ, Словенија, Андреј Кавасек и претставници од Противпожарната заедница на Општина Чрномељ кои изминатиот период донираа на Делчево противпожарно возило и опрема.

Во знак на благодарност за поддршката и со цел за идна плодна соработка меѓу двете општини и противпожарните друштва, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, додели плакети на градоначалникот на Чрномељ и на Доброволната противпожарна бригада Стари трг об Колпи.

– Пријателството и хуманоста не познаваат граници, туку добрата намера, доброто дело и подадената рака отвораат можности и градат иднина. Затоа, ми претставува посебна чест што овие денови сме домаќини на градоначалникот на Чрномељ од Словенија, г-от Андреј Кавасек и претставниците од Доброволната противпожарна бригада Стари трг об Колпи кои ги препознаа потребите на ТППЕ од Делчево и донираа возило и опрема со што покажаа дека се големи луѓе и дека добро ги знаат приоритетите на граѓаните и на противпожарната дејност. Очекувам оваа соработка да продолжи и понатаму и меѓу двете противпожарни друштва и меѓу двете општини, истакна Трајковски.

Градоначалникот на Чрномељ, Андреј Кавасек, потенцираше дека соработката испаднала случајно, преку интернет, но целта била единствена, да се помогне на колегите и пријателите од Делчево. Тој најави дека соработката ќе продолжи и во иднина и меѓу пожарникарите и меѓу двете општини за што се размислува и да се искористат одредени европски проекти кои партнерски ќе се работат во двете општини.

-Јас сум бил во Делчево пред 44 години и ме радува фактот што сум повторно овде.Градот сега е поубав и поголем.Оваа соработка отвора можности и за партнерство во иднина, рече Кавасек.

Во Општина Чрномељ има 27 доброволни бригади и 400 оперативни пожарникари.

Инаку, словенечките пожарникари имаа прилика да го видат и опожарениот терен во Делчевско од минатогодишните пожари, да се запознаат и со условите и со опремата за работа на делчевските пожарникари.

Актуелности

# Шампионките од ЖКК „Патриот 2016“ на прием кај градоначалникот Трајковски



Делчевските шампионки од ЖКК „Патриот 2016“ кои на турнирот во Делчево ја освоија шамиопнската титула во м-16 кошаркарската лига на Македонија, денеска беа примени од градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

На средбата на која присуствуваа и тренерот на клубот Љупчо Петровски-Клубски, спонзорот Александар Дончевски и претставник од раководството на клубот, Марјан Јовановски, се разговараше за успехот на девјките, неизвесниот тек од натпреварот за титулата, за подготовките на екипата за првенството, но и за проблемите и предизвиците на спортот во Делчево, посебно на женската кошарка.

Трајковски истакна дека освојувањето на шампионската титула во М-16 кошаркарската лига на Македонија, е доказ дека кога се работи со љубов, со ентузијазам, посветено и дисциплинирано, резултатите се неизбежни.

-Ми претставува чест што денеска бев домаќин на делчевските шампионки. Девојките од КК „Патриот 2016“ сите нѐ направија горди. Уште еднаш испраќам честитки до делчевските кошаркарки и тренерот Петровски и им се заблагодарувам за радоста која ни ја приредија и со која Делчево се искачува на високото место на македонската женска кошарка. Ова е успех кој треба да го следат сите спортисти и сите клубови од нашиот град. Логистиката и поддршката од мене како градоначалник, а секако и од Општина Делчево, ја имаат во континуитет, рече Трајковски.

Тренерот, Љупчо Петровски-Клубски, изрази надеж дека оваа генерација делчевски кошаркарки ќе биде дел од македонската женска кошаркарска репрезентација.

–Со оваа екипа имавме 16 натпревари без пораз. Значи успехот не е случаен, туку резултат на голема работа и пожртвуваност. Во оваа прилика сакам да истакнам дека со нашиот спонзор Дончевски, решивме да градиме и финансираме наши играчи, а не странски и успеавме во Делчево да создадеме екипа која е конкурентна. Имаме успеси и во другите лиги, работиме со младите професионално. Во Делчево постојат таленти, постои база на кошарката, истакна Петровски.

Делчевките шампионки на градоначалникот Трајковски му подарија кошаркарска топка со потписи на сите кошаркарки и дрес од клубот со бр 1.

Во знак на благодарност за успехот, Градоначалникот Трајковски додели благодарници на ЖКК „Патриот 2016“ и на тренерот Петровски за особен придонес во развојот на женската кошарка во Делчево.

# Симулација на пожар предизвикан од земјотрес во ООУ „Ванчо Прке“

Актуелности



Во ООУ „Ванчо Прке“ се одржа тактичко-показна вежба на ТППЕ Делчево исценирана со симулација на земјотрес и пожар и евакуација на повредено лице од зградата на училиштето.

По дојавата за пожар настанат како последица од земјотрес, во делчевската деветолетка, ТППЕ Делчево реагираше со 8 пожарникари со три противпожарни возила, командно и две навални возила и со потполна лична заштитна опрема при што беше изгаснат пожарот на дел од училиштето, беа евакуирани учениците и персоналот, а беше извлечен и заробен ученик во објектот.

Во акцијата учествуваа и волонтери од ОО на Црвен крст Делчево, екипа на Итната медицинска помош од Делчево, како екипи на МВР ПС Делчево.

Ванчо Атанасовски претставник од ООУ „Ванчо Прке“ изрази благодарност до надлежните институции кои помогнаа за успешно реализирање на тактичко-показната вежба која е во насока на проверка на ситемот и протоколите на училиштето при евентуални несреќи и катастрофи.

Инаку, овие вежби се редовна практика и на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на појава на пожар во објектите на институциите во градот, но и да се провери исправноста на опремата.





# Избран 16-от пар за Пијанечко-Малешевска свадба



Горанчо Костадинов и Елеонора Мирчовска се зетот и невестата на 16-та Пијанечко-Малешевска свадба, како придружна манифестација на традиционалниот меѓународен фестивал „Делчево фест“.

Младоженецот Горанчо Костадинов (34) е по потекло е од селото Иствник, Делчевско, невестата Елеонора Мирчовска (26) од селото Русиново, Беровско, а двајцата се на привремена работа во Австрија.

Младоженците ќе бидат промовирани во рамките на Манифестацијата „Делчево фест“ 2022 – 46-ти Меѓународен музички фолклорен фестивал и 16-та Пијанечко-малешевска свадба во функција на туристичка понуда на регионот, информираа од КУД „Гоце Делчев”.

-Придружната манифестација Пијанечко – Малешевска свадба во функција на туристичка понуда на регионот има за цел да ја оживее и зачува свадбарската традиција што се практикувала во дамнешните времиња. Обичаите и песните во овој регион кои се мошне специфични и интересни од фолклорен и етнолошки аспект. На овогодишната манифестација/фестивал ќе настапат 15 друштва од Македонија и 5 странски друштва, а главни личности на промоцијата ќе бидат Горанчо и Елеонора, рече Рецепов.

Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев“ манифестацијата ја организира во соработка со соседните општини и здруженија од областа на културата. Покровител на „Делчево фест“ е градоначалникот на Општина Делчево, а поддржувач Министерство за култура на Република Македонија.

Програмата на „Делчево фест“, е дел од Националната програма за 2022 година на Министерство за култура, а главната имплементација ќе се одржи на 10 септември во Делчево – летна сцена во градскиот парк.

Култура

# Промоција на книгата „Мојот живот минато мило“

Култура



Мемоарите од животот на стогодишникот Јован Гаврил Величковски, жив сведок на турбулентната македонска историја и учесник во НОБ , беа промовирани во Делчево. Спакувани во делото „Мојот живот минато мило“ од авторот, неговиот внук Ванчо Тркалевски, сеќавањата на Јован Величковски, еден од живите борци од НОБ, нѐ запознаваат со личности, прилики, состојби, со историски факти малку познати или недоистражени во периодот од 20 век кои го обременувале обичниот човек во регионот на Малеш и Пијанец, па сѐ до создавањето суверена и независна македонска држава.

За директорката на ЈЛБ „Илинден“ Билјана Петровска, организатор на настанот, станува збор за дело од наш роднокраен автор кое ќе сведочи за борбата, пожртвуваноста и желбата на луѓето од нашиот крај да ја видат Македонија слободна.

– Навистина е многу вредно и за нас како библиотека и за нашите читатели и за сите нас, кога имаме на едно место во едно дело собрано многу податоци, факти и сведошвта за некое минато време што ќе останат да сведочат за борбата на нашиот народ за слободата на нашата земја. Или како што вели самиот автор во книгата, историјата на неговиот дедо, неговиот живот нека ни биде пример и нека сведочи за тоа кои сме, што сме и каков јазик зборуваме ние во Македонија, рече Петровска.

На промоцијата присуствуваше и главниот лик кој нѐ води низ настаните, дедо Јован кој и покрај своите 100 години кој ги наполни на 2 јануари годинава, не ги криеше солзите кога се говореше за неговиот живот и дело, но и испрати порака: младите генерации треба да бидат сплотени и обединети ако сакаат да одат напред.

„Младите генерации да бидат сплотени и обединети да одат напред, за прогрес на државата и животот во неа, оти ако ние не бевме сплотени во наше време, немаше да ја имаме ни победата ни државата“ – порача борецот Јован.

–Поттик да ја напишам монографијата е животот и делото на мојот дедо се неговите кажувања кои ги запишав и еве дочекав да бидат објавени. Ова е одговор на сите што нѐ негираат како Македонци, бидејќи во книгата има документи и факти дека сето тоа не е вистина.Ние сме Македонци, имаме свој идентитет и зборуваме свој посебен јазик, рече авторот Тркалевски.

Промоцијата на делото „Мојот живот минато мило“ во Делчево е во организација на ЈЛБ „Илинден“ и Општина Делчево.

Култура

# Концерт на „Пијано трио“ во Делчево



Во организација на Центарот за култура „Никола Јонков Вапцаров“, а во рамките на „Делчевското културно лето“, во Делчево се одржа концерт на „Пијано трио“ насловен „Музичко патување”.

Она што го карактеризира триото како состав, како што истакна директорот на установата Методи Толевски, е истенчен-моќен звук, интерактивност, прецизност во изведбата и виртуозност на музичарите.

– Пијано трио е составено од Татијана Петрушевска – Караскановска прва обоа во оркестарот на Националната опера и балет, Марјан Милошевски, прв фагот во Националната опера и балет и Петар Макариевски пијано, професор-корепетитор на Факултетот за музички уметности, истакна Толевски.

На концертот, како што истакна обоистот Татијана Петрушевска – Карасканова, триото се претставило со неколку оперски арии карактеристични за самиот состав.

– По принцип сакам да изведеме нешто карактеристично за нас, но, бидејки е лето подготвивме редица од оперски арии аранжирани за ваков состав.Меѓу нив ќе препознаете композиции од Дон Џовани и слични на нив, сè во знакот на музичкото патување како што е насловен концертот.Се надевам дека публиката уживаше во концертот, рече Петрушевска Карасканова.

Серијата концерти во Источна Македонија, „Пијано трио“ ги продолжува во Виница и Кочани.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**